РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.08-127

Скопје09.3.2018г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 31 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15) и член 52 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.62/06 и 150/10), по повод Пресудата на Управниот суд У–3.бр.237/2016 од 17.03.2017 (Уп1 бр.08-63 од 11.04.2017 година) потврдена со Пресуда на Вишиот Управен суд УЖ-2.бр.818/2017 од 22.01.2018 година (Уп1 бр.08-63 од 12.02.2018 година) и Електронски издадениот документ од Централниот регистар на Република Македонија – Избришан субјект – состојба на субјектот пред бришење за Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово од 12.02.2018 година, Бр.0805-50/150020180047824 од 12.02.2018 година, а согласно Заклучокот, бр.02-1067/3 од 09.03.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 09.03.2018 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за запирање на постапката за одземање на дозволата за телезизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово поради престанок на правното лице

1. СЕ ЗАПИРА постапката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, со ЕМБС 4217110 и ЕДБ 4028998153090, бр.08-60 од 05.01.2015 година, покрената со Предлог Уп1 бр.08-63 од 15.02.2016 година, поради престанок на правното лице и неможност од продолжување на управната работа.

2. Решението е конечно.

3. Решението се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово беше имател на дозвола за телевизиско емитување, бр.08-60 од 05.01.2015 година, за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за подрачјето на Општина Тетово, Општина Теарце, Општина Јегуновце, Општина Желино и

Општина Брвеница, телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик.

Согласно член 80 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 13/16, 142/16 и 132/17), за дозволата за телевизиско или радио емитување радиодифузерите, со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата согласно со овој закон. Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата (член 80 став 5 од истиот Закон).

Во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 08.01.2016 година, му достави фактура за надоместокот за дозволата, бр.2016-100-0050 (наш арх.бр.05-247/1), согласно која радиодифузерот имаше обврска да плати 254.507,00 (двестепедесетичетири илјадиипетстотиниириседум) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување, за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 11.01.2016 година.

Согласно член 27 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Агенцијата изврши административен надзор на работењето на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово од аспект на исполнување на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата, при што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-822/1 од 11.02.2016 година, констатираше дека наведениот радиодифузер не ја исполнил законската обврска пропишана во член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, според доставената Фактура бр.2016-100-0050 од 08.01.2016 година, ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, имаше обврска да плати 254.507,00 (двестепедесетичетирииилјадиипетстотиниириседум) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година. Во цитираниот Писмен извештај за извршен административен надзор, беше констатирано дека заклучно со 09.02.2016 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување, за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година, ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, не извршило уплата во износ од 254.507,00 (двестепедесетичетирииилјадиипетстотиниириседум) денари.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку се констатира непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавачот на медиум, директорот на Агенцијата може да преземе мерка односно да достави предлог до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување, пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, согласно која имателот на дозволата, Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, во законски определениот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполни обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно имателот на дозволата не го плати надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, врз основа на член 83 став 1, а во врска со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, достави Предлог Уп1 бр.08-63 од 15.02.2016 година, за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 7-ма седница одржана на 16.02.2016 година, со Заклучокот, бр.02-871/12 од 16.02.2016 година, го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-63 од 15.02.2016 година, за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, доставен од предлагачот, Директор на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата достави Известување до наведениот радиодифузер (Уп1 бр.08-63 од 17.02.2016 година) во кое му беше укажано дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за вршење телевизиско емитување согласно член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-63 од 15.02.2016 година, ќе донесе одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери. Известувањето Уп1 бр.08-63 од 17.02.2016 година, беше испратено до радиодифузерот ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, во писмена форма преку „Македонска пошта" Скопје (и примено на 18.02.2016 година), како и во електронска форма на 29.02.2016 година, на електронската адреса регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Македонија.

Во согласност со член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година, и во рокот од 15 дена од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-63 од 15.02.2016 година од страна на Советот на Агенцијата, не ја исполни обврската предвидена во член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 6 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-1148/13 од 07.03.2016 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-63 од 07.03.2016 година со која се одзема дозволата бр.08-60 од 05.01.2015 година за телевизиско емитување на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок. Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, се утврди дека наведената одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување е конечна, дека против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием, како и дека постапката пред надлежниот суд е итна.

Согласно член 24 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, доколку имателот на дозволата за телевизиско или радио емитување не изврши плаќање на надоместокот, по доставената фактура во рокот наведен во став 3 на овој член од Правилникот, истата се сторнира и му се издава нова фактура која се однесува само на периодот на работењето, која фактура се плаќа не подоцна од осум дена од денот на нејзиното издавање. Во спротивно наплатата на долгот, се врши по судски пат.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово му издаде Фактура бр.2016-100-0138 (наш арх.бр.05-1446/1 од 15.03.2016 година), со која радиодифузерот имаше обврска да плати износ од 39.010,00 (триесетидеветилјадиидесет) денари, која фактура се однесуваше само на периодот на работењето - од 05.01.2016 година до 29.02.2016 година.

Со оглед дека ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово не го плати надоместокот за дозволата, во предвидениот рок - 8 дена од денот на издавањето на Фактурата бр.2016-100-0138 (наш арх.бр.05-1446/1 од 15.03.2016 година), а согласно член 14 од Законот за управните спорови, тужбата по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за извршување до стварно и месно надлежен нотар поднесе Предлог (наш арх.бр.03-2665/1 од 28.04.2016 година) за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. На 06.05.2016 година, нотарот донесе Решение, УПДР.бр.268/2016 за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа (наш арх.бр.03-2665/4 од 27.05.2016 година), согласно кое се задолжува должникот, Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да и го плати пристигнатото побарување. Решението УПДР.бр.268/2016 за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, стана правосилно и извршно на 19.05.2016 година.

Бидејќи должникот не постапи по цитираното решение на нотарот и не го исплати пристигнатото парично побарување, на 31.05.2016 година, Агенција до надлежен извршител поднесе Барање за спроведување извршување заради наплата на парично побарување врз основа на извршна исправа – Решение УПДР.бр.268/2016 од 06.05.2016 година за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, по кое извршителот издаде Налог за извршување И.бр.749/16.

Во „Службен весник на Република Македонија“ бр.201/2016, Основниот суд во Тетово, објави дека со Решение Ст.бр.188/16 од 25.10.2016 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот, Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица - Тетово.

Потоа, во „Службен весник на Република Македонија" бр.9/2017, Основниот суд Тетово, објави дека со Решение Ст.бр.188/16 од 20.12.2016, над должникот, Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица - Тетово, стечајната постапка спрема должникот не се спроведува и се заклучува поради немање имот. Против решението доверителите имаа право на жалба преку Основниот суд Тетово до Апелациониот суд во Гостивар.

Незадоволна од одлученото, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како доверител во законски предвидениот рок поднесе Жалба наш арх.бр.03-650/1 од 03.02.2017 година.

Апелациониот суд Гостивар одлучувајќи по жалбата на Агенцијата донесе Решение ТСЖ.бр.65/17 од 10.03.2017 година, со кое Жалбата на Агенцијата се одбива како неоснована, а Решението на стечајниот судија на Основниот суд Тетово СТ.бр.188/16 од 20.12.2016 година, се потврдува.

Следствено на наведеното, извршителот донесе Заклучок за прекинување на извршување кога странката е правно лице (врз основа на член 30 став 4 од Законот за извршување) И.бр.749/16 од 05.04.2017 година, поради престанок/настапување на правни последици од отворањето на стечајната постапка спрема должникот Телевизија СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ од Тетово.

Против Одлуката на Советот на Агенцијата, Уп1 бр.08-63 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата, бр.08-60 од 05.01.2015 година, за телевизиско емитување, ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица – Тетово до Управниот суд поднесе Тужба за поведување на управен спор, У.Бр.237/2016 од 17.03.2016 година.

По повод тужбата за поведување на управен спор, во законски предвидениот рок, Агенцијата достави Одговор на Тужба Уп1 бр.08-63 од 14.04.2016 година, во кој даде одговор и достави докази во границите на тужбеното барање, и тоа: Фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2016-100-0050 (наш арх.бр.05-247/1 од 08.01.2016 година) на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово; Правилник за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14); Одлука на Агенцијата, бр.08-63 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година; Копија од повратница – потврда за достава и прием на предметната одлука од тужителот, и Фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2016-100-0138 (наш арх.бр.05-1446/1 од 15.03.2016 година) на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово.

Управниот суд на седницата на советот одржана на 17.03.2017 година донесе Пресуда У-3.бр.237/2016 од 17.03.2017 година со која Тужбата на тужителот ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово се уважува, а Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Уп1 бр.08-63 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, се поништува. Управниот суд не се впуштил во утврдување на фактичката состојба, туку само ја поништил Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-63 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, поради процесни причини, односно од причина што не му биле доставени сите списи по предметот, без кои списи не можел да утврди дали правилно била спроведена постапката за одземање на дозволата на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во законски предвидениот рок преку Државното правобранителство на Република Македонија

поднесе Жалба (Уп1 бр.08-63 од 20.04.2017 година) на Пресудата У-3 бр.237/2016 од 17.03.2017 година, со која му предложи на Вишиот управен суд Жалбата да ја уважи во целост и побиваната Пресуда У-3.бр.237/2016 од 17.03.2017 година да ја преиначи така што ќе го одбие тужбеното барање како неосновано во целост, а Одлуката на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово Уп1 бр.08-63 од 07.03.2016 година ја потврди или да ја укине Пресудата У-3.бр.237/2016 од 17.03.2017 година и предметот да го врати на повторно судење на првостепениот суд. Кон жалбата Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги приложи: Одговор на тужба Уп1 бр.08-63 од 14.04.2016 година; Фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2016-100-0050 (наш арх.бр.05-247/1 од 08.01.2016 година): Правилник за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14); Правилник за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14); Одлука на Агенцијата, Уп1 бр.08-63 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година; Предлог Уп1 бр.08-63 од 15.02.2016 година за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година; Заклучок од 7-та одржана седница на Советот на Агенцијата бр.02-871/12 од 16.02.2016 годна; Известување до тужителот Уп1 бр.08-63 од 17.02.2016 година; Копија од повратница – потврда за достава и прием на предметната одлука од тужителот; Заклучок од 10-та седница на Советот на Агенцијата бр.02-1148/13 од 07.03.2016 година; Предлог Уп1 бр.08-63 од 29.02.2016 година за донесување одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово; Фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2016-100-0138 (наш арх бр.05-1446/1 од 15.03.2016 година) на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово.Д

Вишиот управен суд, на седницата одржана на 22.01.2018 година донесе Пресуда УЖ-2.бр.818/2017 (Уп1 бр.08-63 од 12.02.2018 година) со која Жалбата на Агенцијата се одбива како неоснована, а Пресудата на Управниот суд У-3.бр.237/2016 од 17.03.2017 година (со правосилност на одлуката од 22.01.2018 година) се потврдува.

По повод предметната Пресуда на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.818/2017 од 22.01.2018 година (Уп1 бр.08-63 од 12.02.2018 година) беше направен увид и во судскиот предмет У-3.бр.237/2016, при што беше утврдено дека Управниот суд на Република Македонија до Агенцијата нема доставено второ барање за достава на списи на предметот.

Согласно член 52 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“, бр.62/06 и 150/10), кога судот ќе поништи акт против кој бил поведен управен спор, предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да е донесен поништениот акт. Ако според природата на работата што била предмет на спорот, место поништениот управен акт треба да се донесе друг, надлежниот орган е должен да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставување на пресудата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 12.02.2018 година, по службена должност од интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија прибави Електронски издаден документ, Избришан субјект – состојба на субјектот пред бришење, Број: 0805-50/150020180047824, со датум и време од 12.02.2018 година, 15:24:36 (Прилог бр.9 кон овој Предлог), од кој дојде до сознание дека ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово на 23.03.2017 година е избришано од Централниот регистар на Република Македонија.

Во член 31 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15), е утврдено дека ако во текот на постапката настапи смрт на физичкото лице или престанок на правното лице кое е странка, постапката може да се запре или прекине со управен акт или продолжи зависно од природата на управната работа што е предмет на постапката. Ако постапката не може да се продолжи поради природата на управната работа, јавниот орган ќе ја запре постапката со управен акт.

Имајќи ја предвид напред образложената фактичка состојба, а со оглед дека настанало престанок на правното лице - Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при повторно одлучување реши да ја запре постапката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, со ЕМБС 4217110 и ЕДБ 4028998153090, бр.08-60 од 05.01.2015 година, покрената со Предлог Уп1 бр.08-63 од 15.02.2016 година, поради неможноста од продолжување на управната работа.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 31 од Законот за општата управна постапка и член 52 од Законот за управните спорови, по повод Пресудата на Управниот суд У–3.бр.237/2016 од 17.03.2017 (Уп1 бр.08-63 од 11.04.2017 година) потврдена со Пресуда на Вишиот Управен суд УЖ-2.бр.818/2017 од 22.01.2018 година (Уп1 бр.08-63 од 12.02.2018 година) и Електронски издадениот документ од Централниот регистар на Република Македонија – Избришан субјект – состојба на субјектот пред бришење за Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово од 12.02.2018 година, Бр.0805-50/150020180047824 од 12.02.2018 година, а согласно Заклучокот, бр.02-1067/3 од 09.03.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 09.03.2018 година, донесе решение како во диспозитивот. Решението е конечно и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.